Економски факултет – Прилеп распишува,

# О Г Л А С

## за избор на 1 (еден) демонстратор

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр.02-810/8 од 07.09.2021 година се распишува конкурс за ангажирање на 1 (еден) демонстратор од областите: маркетинг, менаџмент и бизнис за академската 2021/2022 година.

За демонстратор може да биде избрано лице кое е студент на втор или трет циклус на студии, кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) и кој ги исполнува и следниве посебни услови:

- Да има добиено две препораки од наставници на Факултетот,
- Да поседува комуникациски вештини,
- Да има познавања од MS Office и
- Да познава еден странски јазик.

Кандидатите поднесуваат: пријава со назнака за која област конкурираат, контакт телефон и е-маил, кратка биографија, диплома за завршено високо образование, односно уверение за вкупниот просечен успех, доказ дека се студенти на втор или трет циклус на студии, препораки од наставници, доказ за познавање на MS Office и доказ дека познава еден странски јазик.

За пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите ќе биде организирано интервју.

Огласот трае 8(осум) дена од денот на објавувањето (заклучно со 03.11.2021 година)

Пријавите се доставуваат до Економски факултет–Прилеп, по пошта на адреса ул.”Прилепски Бранители” бр.143 или лично во архивата на Факултетот.

26.10.2021 год. Економски факултет - Прилеп